# ТЕХНИЧКИ ЛИСТ

# ФУГОБИТ А

**Бр.1202**

## Еластомерна полимер-модифицирана битуменска маса за асфалтни фуги




| | |
|---|---|
| **Опис на производ** | Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител. |
| **EN Стандард** | **EN 14188-1:2006** |
| **Идентичен со:** | **МКС EN 14188-1:2006** |

| Технички карактеристики | Метода | Мерка | Декларирана вредност |
|---|---|---|---|
| **Видливи својства** | Хомогена, во согласност со декларација | | |
| **Точка на омекнување по ПК** | EN1427 | °C | ≥ 100 |
| **Густина на 25°C** | EN13880-1 | $g/cm^3$ | ≥ 1.1 |
| **Конусна пенетрација на 25°C** | EN13880-3 | 0,1mm | 40-130 |
| **Пенетрација и повратна еластичност** | EN 13880-3 | % | ≥60 |
| **Отпорност на топлина, 168 часа/70°C** | EN13880-4 | | |
| **Повратна еластичност и пенетрација на 25°C** | EN13880-4 | % | ≥60 |
| **Промена на точката на омекнување** | | °C | - |
| **Промена на конусна пенетрација** | | 0,1 mm | 40-130 |
| **Отпорност на течење 60°C/5часа, агол 70°** | EN13880-5 | mm | ≤ 5 |
| **Содржина на опасни материи** | - | - | не содржи состојки на азбест или катран |

### Примена и вградување

- **ПРИМЕНА:** Се употребува за залевање на асфалтни фуги и пукнатини по топла постапка.
- **ВГРАДУВАЊЕ:** Пред да се употреби масата, доколку е потребно се сече на ситни парчиња и се топи. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање на масата или седиментирање на минералните честички. Температурата на масата не смее да надмине 210°C. Оптималната работна температура е 190-200°C. Ако температурата е <185°C, лепливоста се намалува, а превисоката температура може да го уништи еластомерот или да предизвика коксирање. На влажна подлога, односно во магловито време, масата не смее да се користи поради создавање на кондензација помеѓу слоевите. Најпрво, подлогата треба добро да се обеспраши (најдобро е да се обеспраши со компресор) и да се пемачка со темелен прајмер за да се постигне подобар ефект на пенетрација. РБ 200 може да се користи како прајмер.
- **ПОТРОШУВАЧКА:** Потрошувачката на **ФУГОБИТ А** зависи од големината на фугата. Залевањето се врши со специјална опрема за залевање.

### Пакување,транспорт и складирање

- Се пакува во силиконизирана хартиена амбалажа од 20 kg.
- Се транспортира во оригинална амбалажа и се складира во покриен простор.
- За исправен транспорт е одговорен превозникот.

### Останати информации

- На барање на купувачот одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на производот за одредена намена и за неправилно вградување, производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.

**БИМ а.д. Свети Николе**, ул. Железничка 164, 2220 Св.Николе; Р.С.Македонија
Тел. +389 32 455 377;455 177 | Претставништво Скопје +389 2 3227 908
mail: komercija@bim.com.mk; bim@t.mk | web: www.bim.com.mk